Република Македонија
Државна изборна комисија

# З А П И С Н И К
## ОД 5 –ТАТА СЕДНИЦА
## НА ДРЖАВНАТА ИЗБОРНА КОМИСИЈА

## ОДРЖАНА НА 14 ЈАНУАРИ 2016 ГОДИНА

*Изготвил: Ирена Ќуштерова*

**ЗАПИСНИК**

**од петата седница на Државната изборна комисија**

петата седница на Државната изборна комисија се одржа на ден 14 јануари 2016 година ( четврток ) во седиштето на Државната изборна комисија во Скопје со почеток во 16:45 часот.

На седницата присуствуваа:

**Александар Чичаковски** - Претседател на Државната изборна комисија
**Рецеп Прекоупуца** - Потпретседател на Државната изборна комисија
**Атанас Урумов** - Член на Државната изборна комисија
**Субхи Јакупи** - Член на Државната изборна комисија
**Сашо Срцев** - Член на Државната изборна комисија
**Силвана Бонева** - Член на Државната изборна комисија
**Виолета Дума** - Член на Државната изборна комисија
**Игор Милев** - Член на Државната изборна комисија
**Бедредин Ибраими** - Член на Државната изборна комисија.

Седницата ја отвори и со неа раководеше Претседателот на Државната изборна комисија Александар Чичаковски. Претседателот констатира дека е Комисијата во полн состав и може да работи и да одлучува полноважно. За оваа седница е предложен следниот дневен ред

**ДНЕВЕН РЕД**

1. **План за работа на Државната изборна комисија до распишување на предвремените парламентарни избори;**
2. **Разно.**

Во врска со дневниот ред членовите на ДИК,Сашо Срцев и Субхи Јакупи,предложија дневниот ред да се дополни со точка која ќе гласи: **Точка 2: Одлуката за висината на благајнички максимум за 2016 година. Предлогот беше ставен на гласање**.

Предлогот за дополнување на дневниот ред беше ставен на гласање и истиот беше едногласно прифатен од страна на присутните членови на Комисијата.

При гласање за дневниот ред не присуствуваа членовите на ДИК Атанас Урумов и Игор Милев, кои претходно го имаа најавено нивното задоцнување

По извршената дополна на дневниот ред Комисијата едногласно го усвои следниот:

ДНЕВЕН РЕД

1. План за работа на Државната изборна комисија до распишување на предвремените парламентарни избори;
2. Одлуката за висината на благајнички максимум за 2016 година. Предлогот беше ставен на гласање.
3. Разно.

**Точка 1:**

Во врска со Планот за работа на Државната изборна комисија до распишување на предвремените парламентарни избориобразложение даде членот на ДИК, Субхи Јакупи, при што укажа дека како дел од работната група заедно со членовите Виолета Дума и Атанас Урумов изготвиле план на работа на Државната изборна комисија со наслов План на работа на Државната изборна комисија до распишување на предвремените парламентарни избори, бидејќи се планира да се донесе нов план за работа на Државната изборна комисија со распишување на предвремените парламентарни избори. Во понатамошното излагање образложи дека планот се состои од седум активности и тоа:

- Нормативни активности,
- Кадровско доекипирање на Државната изборна комисија,
- Просторно проширување,
- Материјално – техничко доопремување,
- Ажурирање на Избирачкиот список – вкрстени проверки со други бази на податоци,
- Теренска проверка,
- Преземање на организационо – техничката и методолошка обработка на Избирачкиот список од Државниот завод за статистика,
- Воспоставување електронски систем за управување со предмети и приговори.

Претседателот на Државната изборна комисија Александар Чичаковски, предложи да се додадат уште две активности во планот за работа на ДИК и тоа:

- воспоставување на електронски систем за управување со предмети и приговори и

- по објавува Избирачкиот список на својата веб страна со следниве податоци: име, презиме и адреса на избирачите, секој граѓанин , има право да поднесе барање до Државната изборна комисија да не биде објавена неговата адреса во Избирачкиот список од безбедносни причини.

Членовите на ДИК, Субхи Јакупи и Виолета Дума, се согласија со првиот предлог за активност во планот за работа на ДИК да се додаде и активноста воспоставување на електронски систем за управување со предмети и приговори.

Претседателот на ДИК, Александар Чичаковски, предложи како подактивност да се додаде набавка на софтвер за електронско управување со предмети и приговори.

Членот на ДИК, Бедредин Ибраими, исто така се согласи дека предлогот е добар и треба да се стави како активност во планот на работа.

Членот на ДИК, Силвана Бонева, даде два предлога и тоа во втората активност во однос кадровско доекипирање на Државната изборна комисија во забелешка да стои дека од Министерство за информатичко општество е доставен список на лица кои времено може да бидат превземени и во третата активност која се однесува на просторно проширување во забелешка да стои дека Владата на Република Македонија на 136-тата седница одржана на 12.01.2016 година донесе Заклучок со кој на Државната изборна комисија на времено користење и отстапи канцелариски простории (број 120, 121, 129а, 130, 128 и 128а) во зградата на бул. Свети Кирил и Методиј број 54 Скопје.

Членот на ДИК, Бедредин Ибраими, истакна дека во планот за работа на ДИК не е потребно да се ставаат забелешки од таков тип, бидејќи не треба да се прејудицира начинот на кој ДИК ќе изврши доекипирање на службата и планот како таков е доволен.

Членот на ДИК, Силвана Бонева, додаде дека е тоа нејзино мислење и дека не и е интенција да се прејудицира селекција на кадри, но дека е потребно до Собранието на РМ и јавноста да има информација дека

веќе започнати дел од активностите и дека се превземени одредени чекори, со оглед на тоа дека е доставен список на лица кои времено може да бидат превземени од Министерство за информатичко општество и веќе е потпишан записник за примопредавање на канцелариски простор за времено користење на недвижност согласно Заклучок на Владата на Република Македонија од 136-тата седница одржана на 12.01.2016 година.

Членот на ДИК, Сашо Срцев, наведе дека ова е предлог план на работа на ДИК и тие се овде за да дадат свое мислење и дополнување на истиот со нивни предлози, со оглед на тоа смета дека во делот на активноста која се однесува на кадровско доекипирање на ДИК, терминот "нови вработувања" треба да се замени со терминот "пополнување на испразнети работни места во постапка согласно закон".

Потпретседателот на ДИК, Реџеп Прекопуца, истакна дека во претходно направените средби со Министерство за информатичко општество, разгледани се сите начини и можности за кадровско доекипирање на службата, а не само начинот на времено превземени лица, и поради тоа треба да се наведат сите начини на кадровско доекипирање на ДИК.

Членот на ДИК, Игор Милев, искажа жалење за начинот на дебатирање, и наведе дека нема потреба да се става акцент на барањата на ДИК за кои Владата на РМ дала одредени одговори , бидејќи не е одговорено на сите барања кој ДИК ги има упатено.

Членот на ДИК, Субхи Јакупи, напомена дека треба да се направи разлика помеѓу план на работа и извештај, со огед на тоа што постои рок за донесување на план за работа и истиот треба да биде во кратки црти, освен измената за додавање на дополнителна активност во делот на воспоставување на електронски систем за управување со предмети и приговори, не се потребни дополнителни забелешки, за останатите превземени активности ДИК ќе информира на прес конференција.

Предлогот во точката 2.2 од Планот на работа на Државната изборна комисија до распишување на предвремените парламентарни избори да се измени од "пополнување на испразнети работни места" во "пополнување на испразнети работни места во постапка согласно закон" и точката 2.3 да се избрише од истиот, беше ставен на гласање:

**9 Членови на Државната изборна комисија се произнесоа " ЗА "**

Предлогот во точка 3 (третата активност) која се однесува на просторно проширување во забелешка да стои дека Владата на Република Македонија на 136-тата седница одржана на 12.01.2016 година донесе Заклучок со кој на Државната изборна комисија на времено користење и отстапи канцелариски простории (број 120, 121, 129а, 130, 128 и 128а) во зградата на бул. Свети Кирил и Методиј број 54 Скопје, беше ставен на гласање:

**5 Членови на Државната изборна комисија се произнесоа " ЗА "**
**4 Членови на Државната изборна комисија се произнесоа " ПРОТИВ "**

" ЗА " предлогот гласаа Претседател на ДИК Алксандар Чичаковски, Потпретседател на ДИК Реџеп Прекопуца, Членовите на ДИК Атанас Урумов, Силвана Бонева, Сашо Срцев.

" ПРОТИВ " предлогот гласаа Членовите на ДИК Бедредин Ибраими, Игор Милев, Виолета Дума и Субхи Јакупи.

Предлогот за дополнување на Планот на работа на Државната изборна комисија до распишување на предвремените парламентарни избори со точка 8 и 8.1 за воспоставување на електронски систем за управување со предмети и приговори и набавка на софтвер за електронско управување со предмети и приговори, беше ставен на гласање:

9 Членови на Државната изборна комисија се произнесоа " ЗА "

Целокупниот Планот на работа на Државната изборна комисија до распишување на предвремените парламентарни избори, беше ставен на гласање:

**7 Членови на Државната изборна комисија се произнесоа " ЗА "**
**2 Членови на Државната изборна комисија се произнесоа " ПРОТИВ "**

**" ЗА " предлогот гласаа Претседател на ДИК Алксандар Чичаковски, Потпретседател на ДИК Реџеп Прекопуца, Членовите на ДИК Атанас Урумов, Силвана Бонева, Сашо Срцев, Бедредин Ибраими, Субхи Јакупи.**

**" ПРОТИВ " предлогот гласаа Членовите на ДИК, Игор Милев и Виолета Дума.**

Членот на ДИК, Виолета Дума, истакна дека и покрај тоа што била дел од работната група која работела на Планот на работа на ДИК до распишување на предвремените парламентарни избори, гласала против бидејќи не се согласува со забелешката која треба да се стави во точка 3 ( трета активност), а се однесува на просторно проширување во забелешка да стои дека Владата на Република Македонија на 136-тата седница одржана на 12.01.2016 година донесе Заклучок со кој на Државната изборна комисија на времено користење и отстапи канцелариски простории (број 120, 121, 129а, 130, 128 и 128а) во зградата на бул. Свети Кирил и Методиј број 54 Скопје, од причина што за истиот до ДИК не е доставен.

**Точка 2:**

Во врска со одлуката за висина на благајнички максимум за 2016 година образложение даде Претседателот на ДИК, Александар Чичаковски, при што укажа дека донесувањето на оваа одлука е вообичаена годишна обврска на ДИК, отвори расправа по оваа точка од дневниот ред, бидејќи никој не се јави за збор истата беше ставена на гласање:

**9 Членови на Државната изборна комисија се произнесоа " ЗА "**

**Точка 3- Разно**

Членот на ДИК, Игор Милев, побара информација во однос на изборниот материјал со кој располага ДИК, за начинот на негово чување, трајност и записници доколку дел од материјалот е поништен (по Закон за архивска граѓа) или предаден на Државниот архивот на РМ.

Претседателот на ДИК, Александар Чичаковски, по однос на побараната информација со заклучок ја задолжи стручната служба на ДИК, во рок од седум дена на изготви информација.

**ЗАКЛУЧОК:**

**Се задолжува Стручната служба на ДИК да изготви извештај за изборниот материјал со кој располага ДИК, за начинот на негово чување, трајност, да се наведат записници доколку дел од материјалот е поништен (по Закон за архивска граѓа) или предаден на Државниот архивот на РМ.**

Никој друг не се јави никој за збор. Претседателот на ДИК, Александар Чичаковски констатира дека е дневниот ред исцрпен и ја затвори петата Седница на ДИК. Се заблагодари на сите присутни.

Составен дел на Записникот од оваа Седница е аудио снимката на Седницата.

5-тата Седница на Државната изборна комисија заврши во 18.00 часот.

Број 08-97 / 2
11. 02. 2016
Скопје

ДРЖАВНА ИЗБОРНА КОМИСИЈА
ПРЕТСЕДАТЕЛ,
Александар Чичаковски

*НАПОМЕНА:*
*Составен дел од овој записник е и аудио снимката од седницата*